**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11.08.2015 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5018 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 30 јули 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 август 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 4 јуни 2015 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-831, 05.06.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 30 јули 2015 година, е **констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) <u>не постапил по решението</u>** за изрекување мерка - (Уп1 бр. 03-831, 05.06.2015 година), односно и понатаму ги прекршува одредбите од член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврска дневно да емитува најмалку 40%

изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот).

Во анализираниот ден, телевизискиот програмски сервис РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје емитуваше 3 часа 4 минути и 32 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, што е **13,88%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 9 минути и 52 секунди), односно за 5 часа 47 минути и 25 секунди помалку од потребниот минимум. 40%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:09:52), е 8 часа 51 минута и 57 секунди.

Половина од овој законски минимум е 4 часа 25 минути и 58 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски јазик, што медиумот требало да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, емитувала вкупно **2 часа 13 минути и 54 секунди**, што е за 2 часа 12 минути и 4 секунди помалку од потребниот минимум.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, на 30 јули 2015 година, не емитуваше најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

## 9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 4 јуни 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка

***Сектор за програмски работи***